*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр. 05 - 3868/1.*
*13. 09. 2019 2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

## *ОДЛУКА*
### *за јавна набавка*

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: Набавка услуга за регистрација на возила.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка услуга за регистрација на возила.*

*1.2. Предметот на набавка е неделив.*
*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуги од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 100.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 118.000,00 денари*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421 –Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019/2020 година.*

*3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Петар Мирковиќ - **претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Јетон Халили –**член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Насер Ќамили – **член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Никола Бабановски - **заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Зоран Георгиевски – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Берат Мехмеди – заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*

10. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е Набавка на услуга за регистрација на возила, кој предмет на набавка не е делив. Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуги од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во **вкупен износ од** 100.000,00 ден без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 18.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 118.000,00 денари.*

*Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.*

*Доставено до:*
*- Комисија за јавни набавки*
*- Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*